Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 14.11.2020

**На 13.11.2020 во 20.30 часот на подрачје на Карпош од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода А.Р.(22) од Скопје бидејќи при претрес кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.**

На 13.11.2020 во 09,45 часот на магистралниот пат А-4 Струмица- Ново Село на делница од с.Босилово до с.Турново се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко моторно возило „цитроен" со струмички регистарски ознаки, управувано од С.Д.(34) од с.Иловиа, и паркирано патничко моторно возило „фиат пунто" со струмички регистарски ознаки, сопственост на З.С.(45) од с.Костурино во кое сопатник бил Р.С.(55) од с.Костурино. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила З.С. констатирани од доктор во Јавна здравствена установа Струмица. Сите учесници во незгодата се пренесени во Јавна здравствена установа Струмица за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Струмица.

На 13.11.2020 во 18.40 часот на локален пат с.Тремник- с.Дуброво патничко моторно возило „бмв" со неготински регистарски ознаки, управувано од Б.Н.(47) од с.Тремник, излетало од коловозот. Б.Н е пренесен во комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му се констатирани тешки телсени повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Велес.

На 13.11.2020 во 20.10 часот во СВР Скопје, Б.А.(56) од Скопје, пријавил дека на бул.АСНОМ бил каснат од куче скитник.

На 13.11.2020 во 23.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека екипа на Итна медицинска помош била на интервенција на ул."Стокхолмска" бидејќи имале повик дека на Т.А. и се влошила здравствената состојба, каде биле пречекани од В.А.(54) од Скопје, Д.А.(49) од Скопје и уште три други лица. Кога едно од медицинските лица им укажало да стават маски за да можат да интервенираат, лицата почнале да ги навредуваат и омаловажуваат, и да удираат по комбето. На местото на настанот излегле полициски службеници од СВР Скопје и по целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 13.11.2020 во 15,45 часот во Одделение за внатрешни работи Демир Хисар од лекар во итна медицинска помош Демир Хисар било пријавено дека кај нив за укажување на лекарска помош дошол Б.И.(55) од Битола, кој бил погоден од залутан куршум во атар на с.Суводол, демирхисраско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.11.2020 во 21.00 часот на место викано„Мушов Гроб"-Кавадарци од полициски службеници од Полициска станица Михајлово бил приведен А.М.(53) од Р.Албанија бидејќи сторил прекршок по Закон за странци така што незаконски ја преминал државната граница Лицето е предадено на полициски службеници од Регионален центар за гранични работи – Југ за понатамошна постапка.

На 13.11.2020 во 09.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Спортски рекреативен центар Кале во Скопје настанал пожар при што била опожарена табла за осигурувачи.

На 13.11.2020 во 15.00 часот во СВР Скопје, А.С.(19) од с.Идризово, скопско пријавил дека околу 13.30 часот во близина на игралиште на подрачје на Гази Баба бил физички нападнат од малолетно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.11.2020 во 22.09 часот во СВР Скопје, Р.Ј.(38) од с.Никиштани,скопско пријавил дека околу 21.30 часот во с.Никиштани бил физички нападнат од М.С. и Ф.С. од с.Никиштани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.11.2020 околу 22.30 часот во СВР Струмица, А.К. од Р.Албанија пријавил дека во казино во Валандово бил физички нападнат од С.У.(55) од Валандово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.11.2020 во 00.05 часот на регионалниот пат Тетово- Пирок во с. Долно Палчиште, тетовско од полициски службеници од СВР Тетово биле лишени од слобода Е.А(24), Н.А.(23), А.Ш.(21) и 16 годишен малолетник сите од с.Добридол, гостиварско бидејќи кај нив биле пронајдени нож, боксирач, дробилка со марихуана и марихуана. По целосно докумнетирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.11.2020 во 23,00 часот во СВР Тетово било пријавено дека угостителски објект во с.Врапчиште сопственост на И.З(38) од с. Врапчиште од полициски службеници бил затекнат дека истиот е отворен и во него бил И.З. со неговиот малолетен син и М.М.(52), И.Џ.(52), Д.С.(49) и А.И.(35) сите од с.Врапчиште, при што истите постапиле спротивно на здравствени прописи за време на епидемија. Од инспектор од Државниот пазарен инспекторат бил извршен увид и објектот бил затворен со налепница. Увид е извршен од екипа од Полициска станица Гостивар.

На 13.11.2020 во 18.45 час на подрачје на Тетово од полициски службеници од СВР Тетово е лишен од слобода Ф.И.(29) од Тетово бидејќи кај него била пронајдена дробилица со остатоци од марихуна и марихуана.По целосно докумнетирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.11.2020 во 21.35 часот на улицата „Дејан Војвода" во Охрид, при преглед извршен врз К.Н.(23) од Скопје, полициските службеници од одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид, пронајдоа една најлонска кеса со опојна дрога Марихуана. Дополнително, при претрес во дом каде истиот престојувал, пронајдени се една кеса со опојна дрога Марихуана, една најлонска пакoвка со амфетамин, четири семенки од растението Канабис сатива и други предмети кои се одземени. К.Н. е лишен од слобода и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.11.2020 во 20.00 часот, на патот село Вишни- Струга, полициски службеници, извршиле контрола на патнички автомобил Рено Меган" со стручки регистарски ознаки. При преглед во возилото, во кое се наоѓале А.М.(22), И.Р.(22) и И.Ж.(24), сите од Струга, пронајдена и одземена е опојна дрога Марихуана. Лицата се приведени и против нив, ОВР Струга ќе поднесе соодветна пријава.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет